**ЗАПИСНИК**

Од вонредна седница на Факултетското студентско собрание на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 07.03.2024 г. (четврток) во 15:00 во Стара сала на ННС. Претседателот утврди дека на седницата се:

Присутни: Данило Крстовски (претседател), Анастасија Кипариз Крстеска, Тамара Кунцулова, Кире Јованов, Анастасија Саша Тофоска, Лина Рангелова, Калина Георгиева, Бојана Бурчевска, Марија Самарџиска, Лука Стојаноски, Магдалена Николовска, Петар Китанчев, Филип Стојановски, Катерина Антовска и Ивона Тодорова.

Отсутни: Тијана Тесалоника Шишкоска, Емилија Протугерова, Стефан Андоновски, Бојан Палитов (во оставка), Димитрија Настески и Сара Мишева.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Усвојување на дневен ред на ФСС;**
2. **Уредувачки одбор на Spiritus movens;**
3. **Дисциплински укор;**
4. **Предвидени активности за месец март;**
5. **Разно.**

**ТОЧКА 1. Усвојување на дневен ред на ФСС**

За оваа точка немаше дискусија и беше едногласно изгласана.

**ТОЧКА 2. Уредувачки одбор на Спиритус мовенс**

Претседателот укажа дека собранието активно работи на лансирање на веб страница, одделна од официјалната на Правен, и дека за истата е потребно веб дизајн и уредувачки одбор. За уредувачкиот одбор официјално беа предложени: Данило Крстовски, Катерина Антовска, Кире Јованов и Филип Стојановски. Истите беа едногласно избрани. За официјална активност на уредувачкиот одбор, согласно Правилникот за работа, е иницијално лансирање на првите колумни и вести.

Студентското собрание донесе одлука за преименување на студентското списание „Спиритус мовенс“ со „Став“ со цел да укаже на континуираноста на некогашното студентско списание на факултетот. Одлуката беше едногласно донесена.

**ТОЧКА 3. Дисциплински укор**

Претседателот ги изложи акциите на Димитрија Настески, втора година – правни студии, кои се во насока на непочитување на активностите на собранието (непојавување на

седница, неактивност при работата, неинволвираност во комисија, непочит кон останатите колеги) и инсинуации и навреди кон претседателот. Китанчев ја поттикна дискусијата преку запрашување каква правна основа има преземање на било каква мерка кон студентот. Претседателот образложи дека студентското собрание нема особено моќ согласно Статутот и Деловникот за работа, освен дисциплински укор во форма на известување кон членот во насока на непочитување на собранието согласно Деловникот. Во насока на дискусијата, се потегна и прашањето за измена и дополнување на правните акти на собрание, со заклучок дека истото ќе се разговара на понатамошните седници.

**ТОЧКА 4. Предвидени активности за месец март**

Предвидени се две панел дискусии, и тоа: предавање на американски дипломат на тема „Политички систем на САД“ на 18. март и панел дискусија на тема „Еко легислатива“ со професори од Правниот факултет на 21. март. Темите дополнително ќе се допрецизираат. Во оваа точка, Самарџиска истакна дека е важно студентите да се вклучат во организирање на вакви настани и дека вториот настан е целосно организиран од Комисијата за екологија.

**ТОЧКА 5. Разно**

Во оваа точка, се разви дискусија по повод паркингот на кампусот и бифето. Претседателот соопшти дека чека дополнително известување од Универзитетското студентско собрание бидејќи овие работи се веќе адресирани и се чека одговор за истите.

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, претседателот ја затвори седницата во 16 ч.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**,
Данило Крстовски

________________________